доц. д-р Стојко Стојков, Институт за историја и археологија, ФОН, УГД, Штип

# ФИКЦИЈАТА НА ОБЈЕКТВИНИТЕ КРИТЕРИУМИ ПРОТИВ ПРАВОТО НА САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ

*Примерот на македонското малцинство во Бугарија*

Кога зборуваме за самоопределување почесто се сеќаваме за правото на самоопределување на народите, зацртано и во статутот на ООН[1] и кое го гарантира правото на луѓето да создаваат држави и да ја избираат формата на нивното управување. Постои и друг повеќе личен аспект на правото на самоопределување - на одделниот човек поврзано со самосвеста самоидентификацијата, со идентитетот на личноста. Тоа е не по малку суштинско и фундаментално право, кое го штити човекот од обидите на државата да одлучува за неговиот внатрешниот свет. Т.е. ако првото самоопределување овозможува на човекот да ја бира и променува државата второто го штити од опасноста државата да го избира и менува самиот него. Првото го гарантира правото на човекот да одлучува за државата, а второто – да решава за самиот себе. Двете се тесно поврзани, но тоа второто е на некој начин поважно за одделниот човек зашто се однесува на неговата внатрешна слобода: запазувајќи ја човек може да остане на некој начин слободен дури и во тоталитарно општество, но губејќи ја не би можел да биде слободен дури и во најслободното општество. Без слободата на избор, на самоидентификација и себеизразување, без правото човек сам да го најде и избере своето место во светот и дури наспроти светот, не би можеле да зборуваме за слобода поинаку освен како тоталитарна фикција. Затоа и не е ни најмалку чудно што таквиот вид самоопределување станал објект на безброј обиди за девалвирање формализирање и отфрлање од страна на тоталитарни идеологии, но и на самите држави дури и во случаи кога тие претендираат за демократичност. Тоа и не е изненада бидејќи самоопределувањето го ограничува правото државата да интервенира во изборот што го прават граѓаните, а со кој таа реално или фиктивно е поврзана, на кој се повикува и од која е зависна.

Овде јас ќе се запрам повеќе на оној аспект од правото на самоопределување кој е поврзан со етничкото самоопределување и самосвест, и кој е една од попознатите форми на себеизразување и самоидентификација.

Обидите да се даде дефиниција на национално малцинство во меѓународен правен аспект се незадоволувачки. Постоечките дефиниции се наоѓаат во незадолжителни

[1] Зацртано е во Статутот на ООН и в во двата меѓународни пактови: за граѓанските и политичките права (чл. 1) и за економските, социјалните и културните права (чл. 3) All peoples have the right of self-determination. By virtue of that right they freely determine their political status and freely pursue their economic, social and cultural development.

препорачувачки докумнети, додека во оние кои имаат законска сила таква дефиниција отсуствува и тоа дури сосема недвосмилено се посочува (Рамковната конвенција). Тоа де факто им остава слобода на државите сами да решаваат што е и кое не е национално малцинство. Тоа меѓутоа може реално да го суспендира правото на самоопределување, а е проблематично затоа што и дури во демократски земји значи препуштање на малцинствата на волјата на мнозинствата. Обид да се спречи таквата можност е направен во општ коментар бр. 23 (1994) за правата на малцинствата во советот по правата на човекот чл. 52 декалрира дека „постоењето на етничко, религиско и или јазично малцинство во дадена држава – земја не зависи од решението на таа држава – земја, туку треба да се утврди преку објективни критериуми“.

Освен што ова го наоѓаме пак во документ со препорачувачки карактер, но овде преку барањето за објективни критериуми се влегува во особен вид на стапица, која реално ја поништува оваа препорака, за што и би сакал да зборувам малку повеќе. Објективните критериуми се даваат како задолжителен услов и во оние документи како Рамковната конвенција за малцинствата кои не содржат дефиниција за национално и етничко малцинство, но независно од отсуството на таква се бараат објективни критериуми па дури и правото на лицата да припаѓаат или не кон некое малцинство се обврзува со постоење на објективни критериуми, кои меѓутоа така и не се посочени. Тоа практично значи дека утврдувањето на објективните критериуми пак е во рацете на државата.

Така реално државата добива двојно право – прво да одреди што е малцинство и кој колектив е малцинство и второ да одреди дали изборот на одделната личност може или не може да се прифати, како објективно заснован. Така сè зависи од конкретната држава. Дали како скандинавските земји да го прошири дејството на конвенцијата и врз групи кои потешко би можеле да се сфатат како национални малцинства или како во случајот со некои земји на Балканот (Бугарија) – како можност да го ограничат тоа дејство до ниво на суспендирање дејството на конвенцијата, до негирање на постоењето одделни малцинства (на Македонците и Помаците) па дури и до негирање на постоењето на малцинства и тоа на најофицијално ниво. Се разбира на база на објективни критериуми одредени од државата.

***Објективен субјективизам***

Зошто не било возможно да се одреди една јасна дефиниција која да ги задолжува државите со јасни критериуми што е тоа национално малцинство? Од една страна тоа е имено несакањето на државите да бидат задолжувани за нешто од што зависат и сакаат

да остане во нивна контрола. Од друга - имаме сосема основана причина во тоа што реално не постојат објективни критериуми од кои да може да се направи неспорна дефиниција.

Наспроти широко распространетата во науката заблуда - не постојат објективни критериуми кои можат да одредат или да дисквалификуваат претензијата за постоење на нација, национално малцинство или етницитет. Ниту религијата, ниту расата, ниту јазикот сами по себе се фактори кои создаваат или пречат за создавање на нација или етнос. Имаме доволно примери за нации хетерогени според религија раса или јазик, како и посебни нации кои меѓутоа имаат ист јазик или религија со други нации. Истото се однесува до културата и особено денес во еден глобализиран и сè поунифициран свет во кој мнозинството од луѓето споделува иста масовна култура, додека националните култури се јавуваат сè повеќе како локални нијанси, кои се одржуваат до голема степен со помошта на националните буџети и задолжителните програми за образование.

Така наречените објективни критериуми добиваат значење само тогаш кога ќе бидат доживеани како национално разграничувачки или соединувачки од луѓето, Т.е. не самиот јазик, не самата религија и т.н. – а начинот на кој тие се доживуваат играат улога на формирачки фактор а тоа значи само едно – дека т. нар. објективни фактори се всушност сосема субјективни. Што е и нормално зашто секој идентитет е дел од внатрешниот свет на личноста па како би можел да биде објективна категорија? Или инаку кажано за да станат фактори објективните карактеристики треба да станат субјективни, а откако станат тоа тие се веќе толку субјективни колку и секое едно убедување.

Така доаѓаме и до прашањето кој субјект има право да ги одредува објективните критериуми и доколку можеме да зборуваме за објективност при критериум одреден од субјекти? Се разбира имено државата преку своите институции претендира дека се јавува тој субјект. Тоа меѓутоа во практика е еднакво на претензија на државата да ги регулира според својот интерес свеста и самоопределбата на луѓето. Повикувањето на науката како објективен рефер во такви случаи има за цел само да ја прикрие грубата вистинаа.

***Научната вистина во улога на лажен сведок***

Во продолжение давам пример со злоупотребата со јазикот и историјата – примерите со јазикот ќе ги прескокнам за поголема краткост, поентата е дека јазичните критериуми можат да се користат за негирање на идентитетот и самоопределбата, при што дури да се прифаќаат од држави како официјални - ставови кои во светската наука

не се прифатени, да се користи притисок за да се наметне ист став од сите научници во државата и сл.

Што би можела да направи науката по тоа прашање. Да го земеме за пример јазикот. Јан немам намера да дискутирам во однос на псотарите и понови дефиниции на тоа што е јазик. Поважен за темата е оној момент што преку дефинирањето на јазикот како објективен фактор се отвора можност да се оспорува припадноста на одреден дијалект кон некој јазик, или да се негира постоењето на цел јазик и преку тоа „објективно“ да се негира самата можност за постоење на соодветната нација и национално малцинство а од таму да се обезвреднува и соодветното самоопределување. Токму такви примери имаме со негирањето на македонското малцинство и нација, при што изборот на официјално и правилно филолошко толкување е исцело во рацете на државата дури до степен да биде спротивно со домниранчкото во светската науката гледиште за постоењето на македонскиот јазик.

Друг начин на кој се обессилува правото на самоопределување се јавува така наречената „историска вистина“. Обидот да  се искористи историската наука содржи во себе повеќе некоректни идеи: Претензија дека историјата е точна и апсолутна наука, шпекулација со изразот историска вистина, макар да е јасно дека е тоа само идеал кон кој историчарите се стремат но во никој случај не можат да гарантираат дека го поседуваат, претензии за неменливост на постојано променливите научни ставови.

Основниот аргумент зад оваа идеја е дека бидејќи етничката самоопределба е поврзана со идејата за општо потекло тоа имено историјата може да утврди дали тоа потекло е вистинско или фикција и на база на тоа да одреди дали има објективна основа или не. Оваа претензија е подеднакво апсурдна. Нека се потсетиме за тоа дека секоја нација и етничка група се изградува околу некаков мит за потеклото и е доста чудно да бараме научна точност во митови. Научната проверка би поколебала секој еден таков мит вклучително оние осветени како вистини од државите.

Меѓутоа она што може да го утврди и тоа само делумно историјата е самоопределувањето на предците на одредена група луѓе. Ако е тоа објективен критериум доаѓаме до апсурд. Т.е. самоопределувањето на предците се јавува објективен критериум наспроти самоопределувањето на потомците кое е субјективен критериум. Тоа предвидува непроменливост на самоопределбата, зашто враќајќи се доволно време назад ние неизбежно ќе стигнеме момент кога предците на било која група или нација се самоопределувале на начин сосема поинаков од оној на живите денес и така реално може да се одрече секоја нација и етнос на светот. А ако се откажеме од далечното минато и

се запреме на најблиското тогаш историјата е сосема непотребна зашто е јасно дека никој не може да знае како подобро се самоопределувал таткото, мајката, бабата, дедото на некој човек од него – од одделниот човек. Обидот за утврдување на објективна припадност преку историјата предвидува дека во минатото луѓето можеле да создаваат нови заедници, т.е. да си ја сменат самоопределбата и самосвеста, но денес – не. Дека волјата на мртвите е многу поважна од онаа на живите. Сосема несигурната проверка по случајни записи на самоопределувањето на одамна починатите е поважно отколку она што реално и повеќе пати може да се одреди а имено – ставот на живите. Така преку спорната самоопределба на мртвите може да се негира реалната самоопределба на живите.

Се добива како мртвите да одлучуваат за живите, но реално како и секогаш мртвите никој и не ги прашува. Не секое самоопределување на предците се прифаќа за важно и дури за постоечко а само она што е соодветно за политиката. Уште поважно, секоја така наречена историска вистина не е ништо повеќе од историско толкување. И бидејќи нема случај било кое толкување да е општоприфатено и неоспорено во науката, изборот на правилно толкување и давањето статус на официјална историска вистина на практика поновово е во рацете на државата. Особено во помалите држави во кои таа е и главен спонзор на историчарите, но и по принцип затоа што имено државата е онаа која избира со која историска вистина да се сообрази кога одлучува дали одредено малцинство постои и дали една или друга самоопределба е прифатлива. Иста ситуација со прашањето за јазикот. Всушност иста ситуација со онаа во филологијата – како веќе реков со примерот на негирањето на македонскиот јазик (Бугарија) државата не се придржува до доминирачкото во светската наука мислење туку избира малцинско мислење, за чие добивање дури има применето насилство над свои научници (Дина Станишева). Така поново стигнуваме до истиот феномен – самоопределувањето се ограничува преку официјално научно толкување кое пак се утврдува од државата и политичарите кои не се научно компетенти.

***

Историската вистина и објективните критериуми во оваа смисла не се ништо друго освен прикривање на државно наметнување во слободата на личноста. Со регулирањето на самоопределувањето од државата составниот дел „само“ се испразнува од смисла, а самоопределбата може да се доведе до право на индивидуата да се определи според желбата на државата. Така внатрешното самоопределувањето се трансформира во надворешно определување

Следат серија примери за таква интервенција прекус судски пресуди, кои одлучуваат за непостоење на малцинства и етноси и забрануваат организации и нивната дејност на база на тоа, за злоупотреба и манипулации со пописи за да се добие посакуван резултат и сл, кои овде ќе ги прескокнам.

Оваа инсистирање на државата да има одлучен збор врз правото на самоопределување може добро да се проследи низ примерот со македонското и помашкото малцинство во Бугарија.

Имаме серија судски решенија во кои судот си зема за право да изјави дека оформен македонски етнос во Бугарија не постои и на база на тоа да одбие формирање на организации на овие малцинства кои би се бавеле со развојот на нивната култура и заштита на нивните права. Од една страна се граѓаните кои се самоопределуваат а од друга е судот кој одлучува дека нивната самоопределба е неоснована и на база на тоа суспендира не само нивното право на самоопределување но и на организирање, развивање култура, изразување мислење..... – т.е. не само одлучува дека нема но и ја спречува можноста да има.... Политика која е сосема во духот на зборовите на диктаторот Тодор Живков од пред 52 години дека во Бугарија македонско малцинство „нема и не може да има“. Во тоа судот не е осамен: низа на бугарски европратеници во 2006 г. свесно или не ја цитираа токму таа изрека на комунистичкиот диктатор во врска со дискусијата во европскиот парламент за признавање на македонско малцинство во Бугарија. Ова врска е важна и затоа што ни го покажува тесното роднинство меѓу тоталитаризмот и „демократските“ инсистирања за ограничување правото на самоопределување.

Пример за тоа државно негирање на волјата на луѓето се и пописите во Бугарија. Не можејќи да негираат фактот дека постои македонска, помашка и сл. несакани самоидентификации се преземаат серија активности од една страна неприфатливото самоопределување да се минимизира (што доведе до 730 000 граѓани без етничка припадност на последниот попис или 10 % од населението), а од друга да го негираат во суштина веќе минимизираниот резултат. Конкретно во случајот со македонското малцинство тоа се изразува во ставот дека има луѓе што така се самоопределуваат но тие не сочинуваат малцинство – посебно се Македонци, заедно – не.

Отпуштања од работа.....

Нешто повеќе дури тврдењето за постоење на соодветните малцинства се смета за антиуставно и закана за единството на нацијата и територијалниот интегритет.

Одбивање на дијалог, немање претставник во советот за малцинствата (примерот со тоа дека треба да се регистрира а ако не може да присуствува, па и тога државата одлучува кој.

Последица од таквата визија и политика може да биде директно интервенирање во слободата на мислата, говорот, собирите и организирањата, настрана од суспендирањето на правото на самоопределување и малцинските права. Зашто и не е можно да го ограничите само правото на самоопределување без да ограничите серија на нераскинливо поврзани со него и дури и невозможни без него права и слободи.

Всушност преку различни наводно објективни критериуми се заобиколува и запоставува **единствениот реално објективен елемент** – слободната волја. Затоа што субјективната волја на луѓето е таа која ја креира објективната човекова реалност. Од тука и општата препоракана Комитетот за елиминирање на расната дискриминација бр. 8 (1990) која му дава пресудно значење на самоопределбата на одделниот човек. Таа меѓутоа како да останува изолирана.

***

Главната причина за ова по природа тоталитарно инсистирање на државата да интервенира во слободната волја и во внатрешниот свет на личноста е дефинирањето на политичката лојалност на граѓаните преку етничката самосвест. Оттаму потребата државата да го регулира овој сектор е во суштина стремеж да се контролира лојалноста, територијалната целост и суверенитетот. Политичката хомогеност се бара преку етничка хомогеност. Последиците врз луѓето со друга од официјалната самосвест и врз науката користена како лажен сведок се познати и ужасни. Интервенцијата во правото на самоопределба дури се јавува помалку лошата страна на овој проблем, ако го споредиме со етничкото чистење и размените на население.

Реално можностите што стојат пред државите се две.

1. Опростување на системот на манипулација преку создавање на министерство на вистината, со сите оние права и должности предвидени од Оруел.

2. Напуштањето на етнонационалниот модел и ослободувањето на самоопределбата од државната контрола. Ако државата престане да се дефинира себе си преку етницитет, ако прекине да го докажува правото на постење преку историски толкувања ќе отпадне и овој вид стремеж за монопол врз вистината и контрола врз мислите на луѓето.

Меѓутоа проблемот не се однесува само до етничката и национална припадност., туку на самата демократија и на правото на самоопределување на народите конкретно.

Ако граѓаните одлучуваат за прашања како отцепувања на територии, создавање на нови држави и на крај за формата на власта тогаш искушението кај носителите на власта да го контролираат таквиот избор во своја корист е сосема разбирливо, и неизбежно води до стремеж кон контролирање на медиумите, јавното мислење, и секаков вид официјална вистина, т.е. кон ограничување и манипулирање на демократијата и самоопределбата.

Дали има излез од овој маѓепсан круг? Генерално за правото на народите – не мислам, тоа е болест на самата демократија која не може да се излечи без да се убие пациентот. Но за самоопределбата на личноста – е можно и дури неопходно. *Напуштањето на етнонационалниот модел и ослободувањето на самоопределбата од државната контрола. Да се продолжи во досегашниот правец е опасно.* Зашто ограничувањето на правото на самоопределба е атак против фундаментот на слободата а тоа е човековата слободна волја. Имено почитувањето на слободната волја на луѓето е она кое може реално да ја хомогенизира државата и да ја обезбеди лојалноста на населението и единството на нацијата кои треба да се базираат на општата волја на граѓаните, а не на политичка принуда и манипулации.

Уметнички - Алтернативата – да замислиме свет во кој човек не може да избира и да решава за самиот себе, кој е тој и каде припаѓа тогаш повеќе не би можеле да зборуваме за човек, а како последица ниту за човештво, туку за крај на историјата правото.